# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ „НЕГА НА БОЛЕН” - ПРАКТИКУМ ОД ПРОФ. Д-Р ГОРДАНА ПАНОВА И АСС. Д-Р ВАЛЕНТИНА ВЕЛКОСКА-НАКОВА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” - ШТИП

Со Одлука бр. 2502-84/44 од 24.3.2014 година на Наставно-научниот совет Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Ѓорѓи Шуманов, редовен професор на Факултет за медицински науки;
– проф. д-р Милка Здравковска, редовен професор на Факултет за медицински науки,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис под наслов „Нега на болен” - практикум од авторите проф. д-р Гордана Панова и асс. д-р Валентина Велкоска-Накова.

По прегледот на добиениот ракопис, Рецензентската комисија предложена од Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

***Општи податоци за ракописот***

Ракописот „Нега на болен” преставува практикум според кој се изведуваат вежбите по предметот Нега на болен. Содржината ја сочинуваат два дела: општ и специјален дел со вкупно 12 практични вежби. Составен дел на ракописот е содржината на почетокот од практикумот и користената литература на крајот од содржината.

Ракописот е напишан на јасен, македонски јазик, разбирлив за студентите. Содржи практични информации за комплетно вклучување на студентите во практичната работа при овозможување на нега. Опсегот на покриеност на материјалот е во рамките на покривање на програмата по предметот Нега на болен кој се слуша како редовен предмет во II семестар со фонд на часови 2+3+1, на сите студиски програми од Високата здравствена школа. Практичниот дел ја следи програмата од теоретскиот дел на предметот Нега на болен.

***Податоци за обемот на ракописот***

Ракописот е образложен на 94 страници на А4 формат, соодветни и правилно се цитирани референци, истите наведени во поглавјето користена литература. Во склоп на текстот се вметнати слики за полесно совладување на материјалот. Обемот и содржината на ракописот е во согласност со фондот за часови на предметот и во согласност со одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

***Краток опис на содржината***

Содржината е поделена на општ и специјален дел. Секој од нив обработува по 6 практични вежби.

Во општиот дел се изучува начинот на изведување на медицинско-административниот и санитарниот дел кој го изведува средниот медицински персонал во здравствените установи. Студентите се едуцираат за основните правила за местење на кревет во болничка соба, менување на креветска постелнина и болничка облека, миење, бањање и хранење на болен, со посебен осврт на негата кај неподвижен болен. Опишани се правилните постапки за пренесување, поместување, завртување и подигање на неподвижен болен. Практично е опишан начинот на мерење на витални знаци и нивно регистрирање на болничка листа. Се изучуваат правилните постапките за земање на материјал од болен за дијагностички испитувања. Студентите се едуцираат за правилно водење на одделенска аптека и патиштата на внесување на лековите во човечкото тело. При тоа детално е опишана постапката за парентерално внесување на лекови. Понатаму е опфатен начинот на манипулација со

садовите за уринирање, дефекација и изведување на уринарнакатетеризација. Студентите се запознаваат со основните принципи на стерилизација, дезинфекција и асептична работа. Го изучуваат и начинот на користење на основен преврзочен материјал и медицински инструменти. Во општиот дел се изучува медицинската постапка при анафилактичен шок, колапс и кома. На крај, завршува со изучување на подготовка на болен за различни медицински прегледи, предоперативна подготовка на болен и понатамошна постоперативна нега.

Во специјалниот дел се обработуваат специфичностите на нега на болен кај конкретни заболувања. Така, опфатена е нега и медицинско-техничка обработка на болен со кардиоваскуларно,респираторно,гастроинтестинално,бубрежно,ендокрино,локомоторно, невролошко, психијатриско, инфективнои гинеколошко-акушерско заболување. Притоа, детално се опишани принципите на оддржување и ракување со најчестите дијагностички методи во горенаведените области, како и соодветната подготовка на болните за изведување на истите. На крај се обработува нега на новородено, доенче и дете, со посебен осврт на значењето и изведување на доењето.

## ЗАКЛУЧОК

Имајќи го предвид изнесеното, како и намената на овој ракопис, со задоволство му препорачуваме на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" –Штип да го прифати ракописот „Нега на болен" од авторите проф. д-р Гордана Панова и асс. д-р Валентина Велкоска-Накова за објавување во е-библиотека.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Ѓорѓи Шуманов**
**редовен професор на Факулет за медицински науки, с.р.**
**Проф. д-р Милка Здравковска**
**редовен професор на Факулет за медицински науки, с.р.**